( Образец ПП……)

**До: Народна Банка на Република Северна Македонија**
**(имател на информацијата)**

## Б А Р А Њ Е

## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Од: ____________________________________
(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: ____________________
________________________________________________________________________
(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

Ве замолувам, доколку поседувате информација за цените на недвижнините во засебните општини на Град Скопје (2008-2022 (или најтековна година)), да ја ми ја доставите таа информација. Се работи за барање за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- г) **електронски запис**
- д) друго ____________________________________
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- г) **е-маил**
- д) друго ____________________________________
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Потпис**

**Во Скопје, 20.11.2023 година .** ______________________
(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)

Бул. Гоце Делчев бр.18 Скопје, П.Фах.561 / Bul. Goce Dellçev nr.18 Shkup F.P.561 / Blvd. Goce Delcev no.18 Skopje, PO.Box.561
тел./tel/phone:+389 2 3127 453; +389 2 3118 038/ факс/faks/fax:+389 3114 695
Web: http://www.aspi.mk/ e-mail: aspi@aspi.mk

АПР

**НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 20 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101 од 22.05.2019 година), секретарот на банката, како службено лице за посредување со информации од јавен карактер на 23 ноември 2023 година донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

1.Барањето за пристап до информации од јавен карактер поднесено од барателот [redacted] примено во Народната банка на Република Северна Македонија по електронски пат на 20 ноември 2023 година, ДЕЛУМНО СЕ ОДОБРУВА.

2. Во врска со бараната информација за цените на недвижнините во засебните општини на Град Скопје (2008-2022, или нај тековна година), барателот се известува дека Народната банка изготвува и објавува Индекс на цени на станови, кој се однесува на градот Скопје. Податоците се достапни на следната врска:

https://www.nbrm.mk/content/statistika/pokazateli/Index_ceni_na_nedviznosti.xlsx

Повеќе информации околу методологијата на пресметка на индексот на цени на станови се достапни на следната врска:

https://www.nbrm.mk/content/statistika/bilten/metodologija/Metodoloski_objasnuvanja_realen_sektor_05.10.2018.pdf

Народната банка не располага со цени на недвижности по општини.

## О б р а з л о ж е н и е

На 20 ноември 2023 година од страна на лицето [redacted] по електронски пат доставено е Барање на информации од јавен карактер, со кое барателот бара информација за цените на недвижностите во засебните општини на Град Скопје (2008-2022, или нај тековна година)

Имајќи предвид дека податоците за индекс на цени на станови претставуваат информација од јавен карактер со кои Народната банка располага, на барателот му се доставува одговор, додека за подеталните побарани информации по одделни општини на градот Скопје, барателот се известува дека Народната банка не располага со информациите.

Согласно горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Бр.02- 39200/1
29 ноември 2023 година

Секретар на банката
м-р Маја Андреевска